Анализа на состојбите со поткуп во Република Македонија
Врз основа на истражувањето за Глобалниот барометар за корупцијата (ГБК) на Transparency International

Доц.д-р Слаѓана Тасева
Претседател на "Транспарентност- нулта корупција"

Општо за Глобалниот барометар на корупцијата на TI

Со Глобалниот барометар на корупцијата (ГБК) , Transparency International оди чекор понатаму со истражувањето како обичните граѓани го чувствуваат влијанието на корупцијата врз нивниот секојдневен живот. ГБК е истражување на јавното мислење кое се спроведува во голем број држави од светот од 2003 година. Во истражувањето од 2007 година се опфатени (интервјуирани) 63.199 граѓани во 60 држави и територии. Истражувањети е спроведено од страна на меѓународната асоцијација Gallup International.
Со истражувањето од оваа година за прв пат се опфатени седум држави: Босна и Херцеговина, Камбоџа, Еквадор, Гана, Ирска, Литванија и Виетнам.

Клучни наоди на Глобалниот барометар на корупцијата за 2007 година се:

- Сиромашните, без оглед дали се во земјите во развој или во силно индустријализираните земји се најпогодени од корупцијата. Тие исто така се попесимистични во однос на изгледите за пониска корупција во иднина.
- Една од десет личности низ светот морала да плати мито во изминатата година; пријавеното подмитување се зголемило во некои региони како што се Азиа-Пацифик и Југоисточна Европа.
- Поткупот е особено распространет во интеракцијата со полицијата, судството, регистрите и сервисите за дозволи.
- Широката јавност верува дека политичките партии, парламентите, полицијата, и судството/ легалниот систем, се најкорумпирани институции во нивните општества.
- Половина од интервјуираните- и многу повеќе отколку пред четири години - очекуваат корупцијата во нивната земја да се зголеми во следните три години, со исклучок ан некои африкански земји.
- Половина од интервјуираните исто така мисли дека напорите на нивните влади за борба против корупцијата се неефективни.

Колку луѓе морале да платат поткуп?

На глобално ниво 12% од испитаниците изјавиле дека морале да платат поткуп за да остварат некакво право. Ова на глобално ниво е еднакво со нивото на испитаници кои имале ист одговор во 2006 година.

Сепак во 2007 година процентот на позитивни одговори на ова прашање се зголемил во државите од Југоисточна Европа. Зголемување постои и во државите од ЕУ.

Споредба на поткуп: 2006 и 2007



*** Извор: ТИ ГБК за 2006 и 2007 година. Процентите се мерени и пресметани за испитаниците кои стапиле во контакт со сервисите**

Во однос на секторите кои се оценети како најмногу корумпирани, на глобално ниво 70% од испитаниците кажале дека судството е најкорумпирано, а полицијата, судството се оценети како најкорумпирани сектори.

Корелација помеѓу ГБК и ИПК

Постои висок степен на корелација помеѓу наодите на експертите кои го составуваат Индексот на перцепција на корупцијата (ИПК) и наодите од истражувањето засновано на мислењето на граѓаните.

Во државите во кои експертите утврдиле дека корупцијата е распространета, истото се потврдува и со податоците од истражувањата во рамките на Барометарот. Ова покажува дека мислењето на експертите е во склад со искуството на граѓаните.

Во однос на резултатите од Индексот на перцепцијата на корупцијата, според кои Република Македонија покажа подобрување од 2.7 до 3.3 индексни поени и го подобри рангирањето за 24 места на листата од анализираните 178 држави, ова би можело да биде резултат на фактот дека иако голем број од испитаниците од Македонија (44%) изјавиле дека морале да платат поткуп за да остварат некое право, сепак постои висок процент на доверба во активностите на Владата (61%). Остварување на планот на законодавството и имплементираните стратегии и кампањи, влијание на општата перцепција за корупцијата, но останува фактот дека се неопходни мерки за имплементација и вистинска борба против корупцијата.

ИПК наспроти искуството на граѓаните со поткуп



*** Извор ТИ ГБК 2007 и ИПК 2007. Секоја точка претставува држава.**

Состојби во Република Македонија

Зборувајќи врз основа на своето лично искуство 44% од испитаниците од Македонија изјавиле дека морале да платат поткуп за да остварат некое право. Ова во извештајот е оценето како високо ниво на поткуп.

Наспроти ова, 61% од граѓаните во Република Македонија искажале висока доверба во напорите на Владата за борбата против корупцијата.

Кои се најкорумпираните сектори во Република Македонија?

На прашањето: До кој степен сметате дека следните сектори во вашата држава се зафатени со корупција?

(1- не се корумпирани, 5- екстремно се корумпирани), граѓаните на Република Македонија ги изразиле следните ставови:

Политички партии	**4.1**
Парламент/ Легистлатура	**4.0**
Бизнис/ Приватен сектор	**4.0**
Медиуми	**3.5**
Армија	**3.1**
НВО	**3.4**
Регулаторни тела	**3.2**
Образовен систем	**4.3**
Правосуден систем	**4.5**
Медицински услуги	**4.5**
Полиција	**4.1**
Регистри и служби за дозволи	**3.5**
Услуги	**3.0**
Даночна управа	**3,7**

Граѓаните сметаат дека во република македонија со корупцијата најмногу се зафатени (оценети со индекс 4 до 5) следните сектори:

Правниот систем, судството, здравството, образованието, политичките партии, полицијата, парламентот и бизнис секторот.

Ова, уште еднаш ги потврдува препознаените проблеми со корупцијата во судството (65% од испитаниците изразиле став дека судтсвото е екстремно корумпирано), како и постоењето на спрега помеѓу политиката и приватниот сектор.

Секторите здравство, образование и полиција се сектори со кои граѓаните во Република Македонија имаат најчест и секојдневен допир, поради што се неопходни натамошни засилени мерки за превенција и спречување на корупцијата. 67% од испитаниците кажале дека здравството е екстремно корумпирано, а 54% дека образованието е екстремно корумпирано.

Иако во изминатите години имаше намалување на степенот на перцепцијата за корупцијата во полицијата, во последното истражување 47% од испитаниците изјавиле дека полицијата е екстремно корумпирана.

Сеуште постои висок степен на перцепција на граѓаните за корупцијата во Даночната управа (за екстремно висока се изјасниле 36% од испитаниците) како и во службите кои се вклучени во издавање на дозволи и лиценци (31%.)

Секако, најмногу треба да загрижува состојбата со високиот степен на перцепцијата за корупцијата во медиумите и невладиниот сектор, кои треба да делуваат како контролни механизми и механзми кои треба да ја зголемат јавната свест и јавната рекација на проблемот со коруцијата.

Споредба со државите во регионот

Во споредба со државите во регионот, проблемот со корупцијата којшто исто така го изразиле граѓаните на Република Македонија е значително поголем од другите држави и од изразените просечни вредности за регионот.

Југоисточна Европа: 3.8 3.7 3.9 3.6 3.2 3.5 3.2 3.8 3.9 4.1 3.9 3.7 3. 7 3.9

Албанија: 3.3 3.2 2.9 2.4 2. 4 2. 4 2. 2 2.9 3.8 4.2 3.7 3. 7 3.7 3.6

Босна и Херцеговина: 4.4 4.3 4.2 4.0 3.8 3.7 3.8 4.1 4.2 4. 2 4.1 3.9 3.8 4.0

Хрватска: 4.0 3.9 4.0 3.3 2.8 2.6 2.6 3.3 4.3 4.2 3.8 3.6 3.1 3.4

Република Македонија: 4.1 4.0 4.0 3.5 3.1 3.4 3.2 4.3 4.5 4.5 4.1 3.5 3.0 3.7

Косово: 3.8 3.5 3.1 2.5 1.2 2.2 1.7 2.5 3.5 3.8 2.2 2.9 2.9 2.7

Србија: 4.0 3.6 3.7 3.5 2.9 3.5 2.6 3.6 3.8 3.8 3.6 2.7 2.6 2.9

Турција: 3.7 3.6 4.0 3.7 3.4 3.7 3.4 4.0 3.8 4.0 4.0 3.9 4.0

Какви се очекувањата за корупцијата во иднина?

54% од испитаниците искажале оценување дека корупцијата во следните три години ќе се зголемува.

Во Земјите од Југоисточна Европа во однос на ова прашање бројот на испитаниците кои одговориле дека оценуваат дека корупцијата ќе се намали во следните три години е помал за 30% во однос на 2003 година.

Наспроти ова, испитаниците од земјите членки на ЕУ очекуваат дека обемот на корупцијата ќе се зголемува.

Корупцијата ќе биде зголемена, низ цел свет

% of respondents reporting that in three years corruption will...



- **Извор ТИ ГБК 2007.**

Заклучок:

Имајќи предвид дека корупцијата го загрозува секојдневниот живот на граѓаните, Владата на Република Македонија треба да преземе конкретни мерки за вистинска борба против корупција.

Проблемот со корупцијата во земјите во Југоисточна европа и европските држави се зголемува и има тенденција на натамошно зголемување.

Едновремено. Се намалува бројот на испитаниците од сите региони кои сметале дека овој проблем ќе се надмине, а песимизмот кај граѓаните во оваа насока се зголемува.